Не постои опасност за предизвикување на пожар на отворен простор во дворот на општината бидејки сите отпадни и суви материи се одлагаат во канти за отпат и се транспортираат на депонијаСите простории секодневно се чистат, средуваат и проветруваат.

**1.Општи карактеристики на општина Конче**

Геогравска положба и големина на подрачјето на општината;

- Назив на Општината :ЕЛС општина Конче
- Површина :------------------------------------------230 км2
- Број на жители на Општината:------------------3700
- Број на населени места:-----------------------------10
- Густина на населеност:------------------------------17,6 ж .на км2

Општина Конче се наоѓа во Југоисточниот дел на Р. Македонија .Општина Конче произлезе од Општина Радовиш со која е поврзана со регионалниот пат Р- 606 во должина од 22 км преку овој пат општината се поврзува со општина Струмица и Штип.Треиторијата на оштината се наога помеѓу планините Смрдешник и Серта, Конфигурацијта на земјиштето на оваа подрачје е повеќе ридско планинско .Седиштето на општината е во населеното место Конче со 1100 жители,општината има уште 9 населени места кој се активни и 4 населени места кој не се активни т.е иселени целосно во кој постојат само викендици или манастири кој се посетуваат особено во летниот период или за време на верските празници, други населени места се:Дедино со 774 жители, Ракитец 580 жители, д. Липовик 467,Лубница 364, Габревци 366,Г.Липовик 120, Гарван 23, Скоруша 18, и Загорци 12 жители.
Хидрографска мрежа: во општина Конче поголеми реки се Крива Лакавица и Конечка река кој се вливаат во брана Мантово други помали реки се река Пршево Радешка река , Скорушка река и Габрешка река .
Вештачки езера: Брана Мантово и Конче 1 Конче 3, надморска височина 580 м. Климатски услови:Умерено континентална клима со екстермно ниски температури од -15 до -20 степени во месец Јануари и екстерно високи температури со + 24 до + 40 степени во Јули.

По населени места распоредот по површина е следниот :

| | |
|---|---|
| Конче | 45км2 |
| Габревци | 10,9 км2 |
| Гарван | 10,9 км2 |
| Г. Липовик | 18км2 |
| Дедино | 22км2 |
| Д. Липовик | 21км2 |
| Загорци | 7,3 км2 |
| Лубница | 45,7 км2 |
| Ракитец | 12,8км2 |
| Скоруша | 15,1км2. |

Поголем дел од вкупната површина е шуми со околу 63% останатиот дел е на обработливи површини и пасишта,поради ваквата конвигурација на теренот постои опасност од појава на пожари на отворено.

**2.Процена на загрозеност на подрачјето на општината од пожари;**

На подрачјето на општина Конче постојат големи можности од настанување на пожари и нивно брзо ширење, најчеста појава на пожари има во шумските комплекси бидејки тие се обраснати со високи треви и во период Август- Септември кога високите треви се исушени преставуваат голем ризик за предизвикување на пожар , неконтролираното движење на луге посебно сточари во шумските појаси преставува голем ризик за појава на пожари, следејки ги состобите во последните неколку години може да се рече дека најчести причинители на пожари се сточарите кој не контролирано палат оган напасувајки го својот добиток во шумските појаси и при спалувања на површини со високо обрасната сува трева заради стварање простор за напасување на својот добиток , самозапалувањето кое нај често се користи како изрека може да се каже дека е многу реток случај или воопшто нема самозапалување тоа е можно само од удар на гром.Според нашите податоци и податоците од ТППЕ-Радовиш годишно на територијата на општина Конче се случуваат 3 до 5 пожари на отвотено (шумски пожари) и 1 пожар на станбен објект.Шумските пожари причинуваат значителни штети на шумската маса а со што се загрозува и функцијата на шумите во зачувување на човековата околина и низа други општо корисни функции што ги овозможува шумата .

Пожарите што настануваат на земјоделсите површини се случуваат во летните месеци , најчесто се палат стрништа а покрај нив страдаат и други посеви.

Населените места во општината , поради несодветно спроведените урбанистички мерки за заштита (неправилен распоред на објектите и недоволно растојание на објектите осетливи на пожар)преставуваат погоден терен за настанување на пожари.Опасноста од пожари дополнително се зголемува со постоењето на големи количини на запаливи материи во населените места , како што е чувањето на поголеми количини на гориво за земјоделската механизација кое гориво се складира не соодвето .

**3.Заштита и спасување од пожари:**

- Превентивни мерки за заштита од пожари

Во текот на 2019-2020 година , во делот на превентивните мерки за заштита од пожари, планирани се работни средби со РЦУК-Радовиш,ДЗС- Радовиш,ОВР-Радовиш, Министерстви за земјоделство, шумарство и водостопанство-Радовиш, Јавни претпријатија,месни заедници од општината и други субјекти , каде ќе бидат разгледани и договорени заедничките активности и посебни активности на секој од напред наведените субјекти, во рамките на законските овластувања.Ке се изготват соопштенија ,известувања и директни контакти со населението за зголемување на претпаливоста при употреба на запаливи и лесно запаливи средства, забрана на употреба на таквите срдстава , контролирано движење на лугето низ шумите, предупредување за забрана на палење на оган на отворено и посебно во летниот период забрана за палење на стрништа , обезбедување на хидранска мрежа во сите населени места и нејзино одржување. Потребно е и постојано одржување на сообракајниците (шумски патишта ) во ридско планинскиот дел заради интервенција во случај на шумски пожари.

Една од најглавните мерки е будно следење на состојбите посебно во летниот период и навремено известување и навремено регирање за локализирање на настанатиот пожар , за следење на состојбите по наелените места се задолжуваат МЗ , од Македонски шуми задолжени се шумарочуварите со кој во летниот период често

пати имаме телефонски контакти при појава на пожари и брза реакција за локализирање на пожарот, општина Конче соработува и со ЛРД „Студенец“-Конче и ДПД Горици ОПератива -Конче кој со своите двајца ловочувари членовите на ДПД се задолжуваат за следење на состојбата , информирање и учество во локализирање на пожари за што општината и доделува одредена сума на парични средстава.

-Оперативни мерки за заштита и спасување од пожари

Имајки предвид дека противпожарната заштита е во надлежност на општината , најголем дел од прашањата околу оваа проблематика ги решава Градоначалникот и советот на општината.

Заштитата и спсувањето од пожари покрај превентивните мерки опфаќа и оперативни мерки како што се .

-организирање и подготовка на силите за гаснење на пожари;

-организација на набљудување и известување за појава на пожари;

- гаснење и локализирање на пожри;

-спасување на луѓе, материјални и други добра од објекти и подрачја загрозени од пожар.

Во врска со организирањето и подготвувањето на силите за гаснење на пожар,на подрачјето на територијата на општина Конче нема професионална ППЕ, подрачјето на општина Конче го покрива ТППЕ-Радовиш која не е доволно кадровски опремена и обезбедена со материјално –технички средства и опрема согласно важечките стандарди .ТППЕ –Радовиш треба да располага со 21 професионален пожарникар за сега се вработени само 16 професинални пожарникари , од сите овие причини и од големата одалеченост на нашата општина од Радовиш често пати интервенциите на ТППЕ се задоцнети,

Во однос на техничката опременост на ТППЕ _Радовиш , располага со две цистерни кој често се не исправни и се постари од 25 год. анализирајки ги горе спомнатите показатели, Општина Конче треба да се залага за набавка на противпожарно возило и формрање на професионална противпожарна единица која би требало да е составена од четири професионални пожарникари, до формирањето на професионална ППЕ потребно е ажурирање на списковите на членовите на доброволното противпожарно друштво Горици оператива –Конче, опремување со опрема за гаснење на пожари (шумски) и еднаш годишно изведување на вежбовни активности со кој на некој начин би се обучиле членовите на оваа друштво за гаснење на шумски пожари.Соред Законот за заштита и спасување, покрај органите на државната управа и ЕЛС должни се да формираат сили и организираат заштита и спасување и јавните пртпријатија , трговските друштва и други.За жал на територијата на општина Конче вакви сили нема формирано ни едно ЈП или трговско друштo освен Македонски шуми кој имаат формирано сили за гаснење на пожар.

Наблудувањето а посебно известувањето за појава на пожари е обврска на секој граѓанин а посебно во време на вонредни околности(екстермно високи температури и долготрајни суши,)начинот и местата на пријавување на пожари ќе биде дел од соопштенија и известувања.Наблудувањето и известувањето за појава на пожари на отворено се дел од работните обврски на вработените од шумските стопанства, шумска полиција ,полиција, земјоделско стопанство, ловни друштва и др. Гаснењето и локализирањето на пожарите,како и во изминатиот период така и ова година ке го врши ТППЕ – Радовиш,во случај на пожар на отворено( Шумски иземјоделски површини)покрај противпожарната единица ке го вршиЈП Македонски шуми подружница Радовиш, просторните сили доколку бидат доформирани и материјално обезбедени,доколку не се формираат просторните сили за заштита и спасување во гаснење на пожарите ке учествуваат и вработените во ЈП Лакавица како и доброволно

граѓани од нашата општина на кој врз основа на Одлука од Советот на општината ке им се исплаќа дневни трошкови.ТППЕ доколку не можат да го изгаснат пожарот , командирор или лицето кое раководи со пожарот побарува помош од друга ПП единица.

Врз основа на Член 34 ,став 1,Точка 2 од Законот за заштита и спасување(Службен весник на РМ. Бр. 93/2012)член 4,5 и10 од уредбата за видот,големината и организирањето на силите за заштита и спасување (Службен весник на РМ 12/06),Одлуката за утврдување на персоналниот иматерјалниот состав на силите за заштита и спасување(Сл.весник на РМ. 124/06Советот на општина Конче донесе:

ПРЕДЛОГ

О Д Л У К А

За формирање просторна специјализирана единица за заштита од пожари

Член 1

Се формира просторна специјализирана единица за противпожарна заштита во големина јачина на одделение со 9 припадника

Член 2

Просторниот и матерјалниот состав на специјализираната единица за противпожарна заштита да бидат пополнети и опремени согласно прегледите:Преглед1/5 и Преглед1/6 од Одлуката за утврдување на персоналниот и матерјалниот состав на силите за заштита и спасување(Службен весник на РМ 124/06).

Член 3

Прегледот на персоналниот состав се во прилог на оваа Одлука .

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

Предлагач
Градоначлник

**НА ПЕРСОНАЛНИОТ СОСТАВ НА ПРОСТОРНАТА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ЕДИНИЦА ЗА ЗС ОД ПОЖАРИ ВО ЈАЧИНА НА ОДДЕЛЕНИЕ ФОРМИРАНА ВО ОПШТИНА КОНЧЕ.**

| Ред.бр. | Формациска должност | Презиме име | Год.на раѓање | АДРЕСА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Командир | Тушев Дончо | 1966 | С.Ракитец |
| 2. | Заменик | Муарем Исмаилов | 1971 | Конче |
| 3 | Извршител | Младенчо Петров | 1975 | Ракитец |
| 4 | Извршител | Исмаил Баров | 1974 | Конче |
| 5. | Извршител | Борче Манојлев | 1989 | Ракитец |
| 6. | Извршител | Славчо Трајанов | 1979 | Д.Липовиќ |
| 7. | Извршител | Борче Димитров | 1989 | Габревци |
| 8. | Извршител | Роберт Ристов | 1989 | Дедино |
| 9. | Извршител | Горги Велков | 1988 | Лубница |

Градоначалникот во случај на пожар од поголем обем, донесува Одлука за ангажирање на просторните сили за заштита и спасување , може преку јавен повик да ги повика граѓаните постари од 18 години да учествуваат во гаснењето на пожарот или во случај на поголем пожар кој може да згрози материјалните добра кој се во сопственост

граганите со наредба да им нареди на граѓаните и правните лица да ги ставата на располагање своите средства , опрема и вработени потребни во спроведувањето на акцијата гаснење на пожар.
Во спасувањето на луге ,материјални и други добра од објектите и подрачјата загрозени од пожар ке се употребат сите расположливи ресурси, со фклучуавање и на останатите надлежни субјекти од подрачјето на општината: Дирекција за заштита и спасување, центар за управување со кризи, ОВР, Здраствен дом и др.
-Расположливи ресурси за гаснење на пожар( персонални и материјални)
Расположливи персонални ресурси за гаснење на пожар со кој располага Елс – Конче можеме да ги планираме 16-те припадници на ТППЕ Радовиш,Потенцијален персонални ресурси можат да се планираат и универзалните просторни сили кој треба да се дооформат , потоа вработени во ЈП – Лакавица 8 вработени и др.
ДПД„ГОРИЦА ОПЕРАТИВА“- 8 лица во доброволна противпожарна едница.

## Материјални ресурси:

**ЕЛС општина Конче:**
Мини бус со 13 седишта .КОМБИНЈА 2 СО 16+1 СЕДИШТА кој може да се искористи за превоз на луге кој ке учествуваат во гаснењето на пожар до рамничарскиот дел.
**ТППЕ- Радовиш**:
И ако ТППЕ Радовиш не е во нашата општина според законот за заштита и спасување и законот за пожарникарсто должни се да учествуваат во гаснење на пожар и на територијата на општина Конче со своите возила тоа се : Теренски возила лада нива 2 броја , противпожарни авто -цистерни 2 броја.
**ЕЛС-општина Конче;**
Рачен алат за гаснење на пожар :
Секири 5 број, Копачи 20 броја, Напртначи грбни 5 броја, лопати 30 броја.
**ЈП –Лакавица –Конче:**
Теренско возило Лада нива 1 број, Лопати 20 броја Копачи 20 броја, секири 3 броја, и др. Рачен алат.
Трактор ЛАНДИНИ, Цистерна под висок притисок.
**ДПД Горица Оператива -Конче**
Рачен алат за гаснење на пожар :
Секири 10 броја, Копачи 5 броја, гребли 10 броја, лопати 10 броја.

**4. Избор на мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи**

Мерките за заштита од пожар кои треба да се спроведат се од организационен и технички карактер.

**Организациони мерки**
– Обезбедување на совесна работа и постапки на присутните лица и посетителите.

**Технички мерки**
– Поставување на ПП Апаратите тип С9, на висина од 1,5 метри.
– Поставување надворешна хидрантска мрежа;
– Поставување на уреди и насталации за автоматско откривање и највување на пожари;
– Поставување информативна табла за запознавање на посетителите со мерките за заштита од пожар;

*Применети мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи*

Основните урбанистички мерки за ПП зштита се предвидени со урбанистичкиот план, како и со условите за лоцирање на објектот издадени врз основа на законската и подзаконската регулатива, односно објектот во целина ги задоволува барањата и условите за минимални растојанија меѓу објектот но не и за пристап и манипулација кон просторот на кој е лоциран објкетот. Пожарни бариери претставуваат сите комуникации и платоа во рамките на комплексот.

*Градежно-конструктивни мерки*

Во објектот се вградени материјали со висока отпореност при појава на пожар и високи температури од пожар. Вградените материјали имаат огноотпорност од 1 до 2 часа, што значи за тој временски период не претрпуваат деформации од кои се нарушува стабилноста на конструкцијата на објектот согласно со градежните прописи и норми.

## 5. Потребни уреди техничка опрема и средства за гаснење на пожари

Врз основа на приложениот опис во објектот, а соодветно Правилникот за одредување на бројот, видовите и одржувањето на превозни и рачни апарати за гаснење на пожар кои се во употреба (Сл.весник на РМ бр.32 / 11) за ниско пожарно оптоварување до 1MJ/м2 е предвидено да има 3 противпожарни апарати за суво гаснење S9. Бројот на апаратите е диктиран и од самиот распоред на просториите. Истите се распоредени како што е прикажано во графичкиот прилог. Исто така има по три внатрешни хидранти на секој спрат. Противпожарнот хидрант ПХ-50 е со хидрантски приклучок со внатрешен пречник 52 мм од тип Ц, според македонски стандард МКС Б.6.673. Хидрантскиот приклучок треба да обезбеди количина на вода од 5л/с и најмал притисок од 2,5 бари. Хидрантскиот приклучок е поставен на 1,5м од подот во метално орманче означен со ознака за хидрант. Апаратите се поставени на видливо и лесно пристапно место и истите редовно се проверуваат, а на секои 12 месеци се врши контрола од страна на овластени и стручни лица. Сите вработени треба се обучени да знаат да ракуваат со апарат за суво гаснење и знаат да ги исклучат главните склопки за електрично напојување на главната табла.

Исто така поставени се и потребен број на панични светла и упатства за евакуација.

Објектот располага со систем за рачна дојава за пожар.

Просториите е се проветруваат природно низ постоечките прозорци - отвори на објектот.

## 6. Преглед на расположиви противпожарни средства и опрема, намена и начин на нивна употреба

| СРЕД-СТВО | | КОЛИЧИНА | | НАМЕНА И НАЧИН НА УПОТРЕБА |
|---|---|---|---|---|
| | | има | недос-тасува | |
| ат с о | С 6 | | | наменски средства за гаснење на пожари од групите а, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | С 9<br><br>С50 | | | б, ц, е. (цврсти материи, течности, плинови и ел.инсталации). Се употребуваат исклучиво според упатството на производителот. Тие се лесно преносни и се носат рачно до местото на пожарот. Имаат ограничено време за празнење со млаз од прав од 16/20 секунди. Не смеат да се употребуваат за гаснење на пожари на електрични инсталации и уреди кои се под напон над илјада волти. При употребата во затворени простории ракувачот да ги заштити дишните патишта. Млазот може да се прекинува и гаснењето да се врши на повеќе места. |
| Зидни хидранти | | | | како средство за гаснење користат вода и се наменети за гаснење на пожари од групите а, д.(цврсти материи и метали). За ефикасна употреба неопходен е доволен притисок во доводната инсталација која е приклучена на градската водоводна мрежа, соодветни приклучни спојки и црева со млазници. Не смее да се користи за гаснење на пожар на електрични инсталации и уреди под напон. Не е пожелно користење за гаснење на пожар на архива и документација, единствено во недостаток на други средства. |
| ПП апарат со ЦО2 | | | | наменски средства за гаснење на пожари од групата е (електрични инсталации и уреди под напон). Тие се рачно преносни средства под притисок и потребна е внимателност при ракувањето со нив. |
| Прирачни средства за гаснење | | | | Прирачните средства за гаснење можат ефикасно да се употребат (песок, земја) ако на располагање имаме и алат (лопати, кофи) за гаснење на пожари од групите а, б (цврсти материи, течности) бидејки ја прекинуват врската со кислородот и го задушуваат пламенот. Можат да се користат во комбинација со стандардните средства ако има жарење и тлеење на цврсти горливи материи |
| Систем за автоматска дојава на пожар | | | | При појава на пожар (дим или отворен пламен) автоматски се активира сирената и распрскувачите монтирани на плафоните. За гаснење се користи вода од доводната инсталација која е приклучена на градската водоводна мрежа. |

### 7. Приодни патишта и премини

Објектот е под надлежност на противпожарната единица во Конче, која е оддалечена 25 км од локацијата.

Согласно Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.весник 32/2011 член 15) како пристапни патишта за пристап на противпожарно возило до објектот се дефинираат две спротивни страни.

Соодветно на катноста и висината на објектот не се предвидува посебно плато.

Пристигнувањето на противпожарното возило при просечна брзина од 20 км/час (екстремно неповолни услови за возење) изнесува 40 минути

Евакуацијата согласно Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.весник 32/2011 член 20) е предвидена преку главниот и споредните излези на приземјето, кои се доволно широки да ги пропуштат во најскор временски рок луѓето кои ќе се затекнат во објектот.

Собирното место на евакуацијата е предвидено да биде во дворот на северната страна од објектот каде има достаточно голем простор за собирање и евентуално укажување на прва помош на повредените.

Со евакуацијата ќе раководи обучен тим од вработените исто така и со евентауално укажување на прва помош.

**Излези и патишта за евакуација на загрозени лица и материјални добра**

Евакуацијата согласно Правилникот за мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.весник 32/2011 член 20) е предвидена преку излези за евакуација. Сите излези се означени со натписи "Излез", а правците до нив се осветлени со панични светла. Излезите се достаточно широки да ги пропуштат во најскор временски рок луѓето кои ќе се затекнат во објектот.

Собирното место на евакуацијата е предвидено да биде во Културните домови во сите населени места каде има доволно голем простор за собирање и евентуално укажување на прва помош на повредените.

Со евакуацијата ќе раководи обучен тим од вработените исто така и со евентауално укажување на прва помош.

## 8. Оперативно - тактички план за евакуација

Во оперативно тактичкиот план за евакуација, меѓу другото, се врши проценка на поедини ситуации - сценарија, кои објективно можат да се случат во предметниот простор, можноста за чирење на настанатиот пожар со сите последици кои ќе ги предизвика. Од тие проценки треба да произлезе одлуката, а потоа задачите, мерките и средствата со кои треба да се врши гасење на пожарот и спасување на загрозените луѓе.

Согласно техничките нормативи и препораки за безбедно евакуирање на загрозени лица, потребно е ширината на евакуациските простори да не биде помала од 1.2 метри.

Евакуацијата ќе се изведува преку главниот и споредните влезови по прописно поставените ознаки.

## 10. Постапка во случај на пожар во самиот објект

Доколку настанал пожар кој е забележан од вработените и кој истите не се во состојба да го локализираат веднаш се известува Територијалната професионална противпожарна единица за видот и големината на пожарот и бара помош за интервенција со соодветна опрема и возила, превзема мерки за итна евакуација на луѓето и имотот, се ангажира во отстранувањето на евентуални препреки кои можат да го попречат навлегувањето, приодот и дејството на Територијалната професионална

противпожарна единица, организираат упатување на единицата до местото на пожарот, даваат информации за состојбата и упатства за продор и движење низ објектот

Најнеповолно време од аспект на гасење е времето кога во објектот не се работи, т.е нема присутни луѓе. Лицата кои престојуваат во објектот во случај на појава на пожар треба веднаш да пристапат кон гасење на пожарот додека е истиот во почетна фаза на развој, со помош на рачните ПП апарати С9, и истовремено да побараат интервенција од ТППЕ Радовиш на бројот 193. Доколку не се во можност безбедно да пристапат кон гасење на пожарот се врши само известување на ТППЕ Радовиш и присутните луѓе се евакуираат на безбедно растојание.

До пристигнување на помошта, одговорното лице треба да ја процени ситуацијата за најбрзо и успешно гасење на деловите на пожарот кои имаат тенденција на ширење и пренесување кон други простории незафатен од пожарот.

Во таа смисла може да се делува на следниот начин

- Да се пристапи кон гасење, односно локализирање на пожарот
- Да ја пресечат насоката на ширење на пожарот кон деловите на објектот во кои се сместени запаливи материјали или материјални добра.
- Да се подготват услови за поуспешно делување на ТППЕ Радовиш во моментот на нивното приоѓање и пристигнување до објектот (расчистување на просторот за приод кон објектот и местото на пожар, создавање услови за отстранување на чадот од објектот и слично)

Времето за пристигање и комплетирање на професионалните ПП единици може да е подолго доколку се случи ноќно време.

За гасење на помал пожар се употребува рачен ПП апарат С9 или засипување со песок.

Со ПП апаратот се делува од растојание најмногу 3 метри во самото жариште на пожарот, досека со песок со лопати или кофи, прво се засипува околу жариштето со цел да се локализира а потоа песок се фрла врз огнот со цел да се загуши односно изгасне.

Водата како средство за гасење може да се користи за гасење на цврсти запаливи материјали, но не смее да се користи за гасење на пожар кај електричната ипрема под напон, гасење на течни горива-нафтени деривати и гасење на запаливи метали (магнезиум, алуминиум).

## Систем за известување

Системот за известување во случај на појава на пожар кој не може да се локализира со сопствени сили и средства се остварува по пат на телефонска врска (193) со професионалната противпожарна единица. Заштитата од пожари е покриена од Територијална професионална противпожарна единица Радовиш, а противпожарно возило би пристигнало за 40 минути, а во најлоши временски и други услови пристигањето на возило за ПП заштита во никој случај не би било повеќе од 40-60 минути.

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА ( Н У С )

На територијата на Општината Конче во изминатиот период се пронајдени многу заостанати неексплодирани убојни средства (артилериски гранати, рачни бомби, муниција и сл.) од воените активности во балканските и Првата и Втората Светска војна.ЗА тоа зборуфа и факот што во населеото место Ракитец во 1955 од експлозија на топовски Гранати загинале 5 деца , при разни градежни активности најдени се неексплоадирани гранати ,при изградба на Фудбалско игралиште во Ракитец пронајдени се 60 неексподрани гранати и во с. Лубница при ископ на ров за канализациона мрежа откриени се 100 броја неекплодирани гранати ,при обработка на земјоделки површини почесто пати граганите баогаат исто така несплодирани гранати и рачни бомби којдатираат дури од турко и од 1-ва и 2 –ра светска војана и балканските војни,при вакви ситуации се известува ДЗС Која со свој пиротехничар ги отстрануваат овие граати. Заштитата и спасувањето од неексплодирани убојни средства спаѓа во редовните работни задачи на професионално вработените пиротехничари во Дирекцијата за заштита и спасување согласно одредбите во пропишаните оперативни процедури во откривањето, па се до уништувањето. Што се однесува до вработените во објектот, потребно е да се знае дека при откривање и пронаоѓање на вакви средства, во никој случај не треба да се допираат или преместуваат, да се означат и обезбедат и веднаш да се пријават во подрачното одделение на Дирекцијата.

Со оглед на опасностите, како и видот и карактерот на последиците кои можат да бидат предизвикани врз населението и материјалните добра, заштитата од НУС претставува мошне комплексна мерка за заштита и заради тоа е поребно доследно придржување кон одредбите на пропишаните стандардни процедури од страна на сите субјекти вклучени во таа проблематика, почнувајќи од нивното откривање, утврдување на видот, експлозивното полнење, извлекување на безбедно место, транспорт, складирање на соодветно магацински простори, се до нивно уништување.При извршување на сите наведени мерки активности од приоритетно значење е безбедноста на лицата кои истите ги спроведуваат (пиротехничари, санитетски екипи, возачи) како и безбедноста на населението и материјалните добра, кои се непосредно загрозени од пронајдените НУС.

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

### 1. В о в е д

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.93/12) со кој се уредува заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреки во мир и во војна, националната стратегија за заштита и спасување донесена од страна на владата на РМ, насоките и активностите на Дирекцијата за заштита и спасување како и стручно научните сознанија на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, постојат препораки за физички и психолошки менаџмент во вонредни ситуации, а се со цел ефикасно намалување на последиците од дејствата на земјотресите, луѓето да се подготват да се заштитат себеси и материјалните добра бидејки обученоста, добрата организираност и дисциплинираноста во извршувањето на

активностите при заштитата од земјотреси и други несреки се основен услов за намалување и брзо отстранување на последиците.

Земјотресот е појава за која се знае многу, како и за последиците кои ги предизвикува, но многу малку или воопшто не се знае што треба да се направи во случај на таква појава, бидејки во последно време малку или воопшто не се посветува внимание на обуката и психолошката подготовка на децата, наставниот и друг персонал како најважна превентива за заштита и спасување пред, за време и по земјотрес. Имајки во предвид дека во градинките престојуваат децата кои се иднината на општеството, нужно се наметнува потребата од организирано спроведување на превентивни и други активности кои се во функција на заштитата и спасувањето. Истражувањата покажале дека превенцијата е поефтина отколку отстранувањето на штетите, а спонтаните, некоординирани и панични постапки се опасни, па затоа треба да се настојува во такви ситуации да се реагира организирано бидејки стравот и емоциите најмалку можат да помогнат, а тие се сепак најприсутни и затоа треба енергично да се делува согласно утврдени планови и постапки во објектот.

Должност и законска обврска на субјектите е да изработат Процена на степенот на загрозеноста и План за заштита и спасување во рамките на својата дејност, да организираат и спроведуваат заштита и спасување на вработените и материјалните добра.

Тргнувајки од горенаведените претпоставки и законски обврски Административната зграда на Општина Конче утврдува превентивни и други мерки и плански активности кои ќе се организираат и спроведуваат со цел подготовка на објектот за делување во услови пред, за време и по земјотрес.

## 2. Карактеристики на подрачјето на кое се наоѓа објектот

Зградата на Општина Конче каде вработените ја обавуваат својата редовна дејност се наоѓа во местото викано Село во населеното место Конче.Локацијата на самата зграда се наоѓа во средишниот дел на селото и не е опкружена со други објекти . Зградата е лоцирана покрај главната сообраќајница ргионален пат Р606 Регионот на селото Конче е со сеизмички интензитет од VII степен на трусност по МЦС ( Меркали-Цанцани - Сneберт) скалата.Територијата на која се наоѓа зградата на општина Конче во изминатиот период не била дирекно погодена од земјотрес со деструктивни манифестации ( оштетувања на објекти и материјални добра ) или со катастрофални последици, меѓутоа податокот дека во Валандовско - Дојранската сеизмичка зона, односно,во непосредна близина на Струмичкиот регион на ден 08.03.1931 година се случил земјотрес со магнитуда М=6,7 и епицентрален интензитет од 10 степени по МЦС скалата, зборува дека овој регион е изложен на силни сеизмички влијанија како од автохтоните жаришта, така и од жариштата во пограничните делови во соседните региони и држваи. Објектот на општина Конче е изграден според постоечките норми на сеизмичка отпорност, издржливост и еластичност и може да издржи потрес со поголема јачина без поголеми оштетувања. Во непосредна близина на објектот нема лоцирано стамбени згради или објекти кои би имале влијание врз објектот на Општината при рушење. Сообраќајната

инфраструктура во близина на општинската зграда овозможува поврзување со магистралниот пат Струмица - Радовиш преку главниот влез.

### 3.Проценка на загрозеност од земјотрес

Зградата на општина Конче е изградена 1999 година. Општинската зграда е од понов тип, и запазени се сите сдандарди за кои се применувале при изградбата на објектот. Објектот е приземна, има подрумски простори и е со армирано бетонска конструкција. Зидовите со обичен блок со армирано бетонска конструкција без топлинска изолација. Објектот е без кровна кнструкција, покријен е со искршена армирано бетонска плоча опшиjена со лим. Во објектот во вид на триаголник се распоредени канцелариите на општината.Водоводната инсталациаја во објектот е вкопана, ПП хидрант се наоѓа пред влезот во кујната. Електричната инсталација е вкопана во зидот, сите разводни табли и Фи склопки се поставени на влезот во општината. Надворешно е само интернет инсталацијата. Затоплувањето на општината е со топловодно греење, котелот е сместен во подрумот на општината, котелот како средство за горење користи нафта, нафтата се складира во две пластични цистерни од по 500 литри.

Во сите канцеларии се сместени висечки рафтови за книги и опрема и масивни ормари и витрини кои можат да се срушат во случај на потрес.

Објектот има еден влез/излес со две двокрилни врати, излезот на сите канцеларии е насочен кон ходникот, помошен влез/излез во општината нема.

Работното време во општината е од 8.00-16.00 часот, во општината се вработени 25 лица, и во општинските простории максимум заедно со вработените може да се најдат во одредени моменти од работното време и до 40-50 лица.Потребното напуштање на објектот е 1 до 2 митути. Ваквата состојба на поголема концентрација на луѓе поретко се случува, но во случај на било какво потрес проблми за напуштање на објектот не би прествувало проблем за негово напуштање. Евакуацијата на луѓето и материјалните добра се спроведува организирано по престанокот на опасноста. Бројт на повредени, затрупани и загинати е тешко да се предвиди и зависи од превземените мерки за заштита, степенот на оштетување на објектот и организацијата за помош и спасување.

**Генерална оценка на објектот**

Со оглед на оценетата конструктивна, неконструктивна и А/О повредливост, сеизмичкото однесување на објектот на објектот е определено како:

1) конструктивно однесување - средно
2) неконструктивно - лошо и
3) организационо - средно.

**Проценка на очекуваните штети и однесување на објектот**

Анализите покажуваат дека за чести и повремени локални земјотреси можат да се случат незначителни до мали оштетувања на објектот:

Незначителни штети

Без видливи штети на конструктивните елементи. Можни се мали пукнатини на малтерот на ѕидовите и таваните. Тешко видливи неконструктивни и конструктивни штети.

Мали штети

Пукнатини во малтерот на ѕидовите и таваните. Паѓање на парчиња на малтер од ѕидовите и таваните. Значителни пукнатини или парцијално рушење на оџаци или калкански ѕидови. Поместување, парцијално лизгање, лизгање или паѓање на кровниот покривач. Можни пукнатини во конструктивни елементи.

Во случај на чести и повремени земјотреси можат да се случат умерени до значителни оштетувања на неанкеруваната опрема и мебел вклучувајќи ги и стаклените преградни ѕидови.

Во случај на ретки или многу ретки локални земјотреси можат да се случат тешки оштетувања:

- големи пукнатини со или без одвојување на ѕидови и лом на материјал.
- големи пукнатини со лом на материјал во деловите на ѕидот помеѓу прозори или слични елементи.
- големи пукнатини со мали дислокации на конструктивни АБ елементи: столбови, греди, АБ платна.
- мали дислокации на конструктивни елементи или на целиот објект.

При ретки или многу ретки земјотреси неконструктивните штети можат да бидат до износ што би предизвикал целосна загуба на функцијата на објектот.

Ако се земат во обзир критериумите од прописите од 1981 години кои се сеуште во сила во Република Македонија и според кои објект во случај на ретки земјотреси (повратен период 500 години) може да доживее било кој тип на оштетување освен колапс, може да се заклучи дека Објектот ги задоволува пропишаните критериуми за сезимичко однесување според овој пропис.

Согласно со најновите трендови во земјотресното инженерство т.е. проектирање со очекувано однесување на конструкции, критериумите се многу поригорозни земајќи во предвид дека објектот треба да биде и функционален, а не само да биде спречено рушењето. Овие најнови критериуми пропишуваат т.н. есенцијални / хазардни цели како минимално прифатливи и според кои Објектот треба да биде:

1) целосно функционална за чести и повремени земјотреси
2) оперативна за ретки земјотреси
3) условно сигурна (лифе-сафе) за многу ретки земјотреси.

Со оглед на очекуваните степени на оштетување за различни нивоа на сеизмички хазард може да се заклучи дека Објектот поседува задоволително сеизмичко однесување за чести и повремени земјотреси. За ретки и многу ретки земјотреси објектот не ги задоволува пропишаните есенцијални цели.

**4. Мерки за ублажување на сеизмичката повредливост на Објектот**

Конструктивна повредливост

Не се потребни никакви мерки со оглед дека се очекуваат само незначителни конструктивни оштетувања.

Неконструктивна повредливост

Мерките за ублажување на неконструктивната повредливост на Објектот се прикажани во табела.

За другите неконструктивни елементи како што се инфраструктурните системи (водовод, електрика, греење) не се потребни посебни мерки за заштита со оглед дека проектното ниво и одржување е адекватно и не се очекуваат значителни оштетувања и прекини.

Организациона повредливост

Од аспект на дистрибуција на функциите во просторот, просториите во Објектот се соодветно организираиа.

Бидејќи постои план за реакција во случај на вонредни ситуации, се препорачува и соодветен тренинг на персоналот.

Мерки за ублажување на неконструктивната повредливост

| **Постоечки Хазард** | **Мерки за ублажување** | Слика |
|---|---|---|
| **Стакло (преградни ѕидови, прозорци)** | Примена на сигурносно стакло (скапа опција).<br>Прекривање на стаклените површини со просирна фолија за да се спречи распрскување на стаклото. | <br>без фолија со фолија |
| **Спуштени Тавани** | Адекватно прицврстување за меѓукатната конструкција со помош на укрутувачи (странични спрегови). | |
| **Осветлу-вање** | Соодветно заштитено и прицврстено на таваниците | |
| **Непри-цврстени кабинети и ормари** | Кабинети и ормари соодветно при-цврстени на ѕид со помош на аголни-ци за да се избегне дислокација или превртување.<br>Слободностоечките единици при-цврстени со континуални аголници за подот.<br>Превртувањето на постоечката опрема или предмети да се спречи со сигурносни ленти, метални жици или еластични појаси.<br>Да се постават механички осигурачи против несакано отварање на вратички или фиоки. |  |
| **Монитори, компјутери и слична** | Да бидат прицврстени на масата со адхезивна лента или поврзувачки каиши. | |

| | | |
|---|---|---|
| **опрема** | |   |

## 5. Активности и мерки при земјотрес

| Превентивни (пред опасност) | Оперативни (за време на опасност) | Отстранување на последиците (по завршување на опасноста) |
|---|---|---|
| Едукативни:<br>- предавања, проекција на филмови за вработените, документарни материјали, дистрибуција на книги, брошури и друг печатен материјал<br>Намалување на ризикот од инвентар<br>- спречување превртување на полиците, рафтовите, витрини, шкафови, скелиња и други нестабилни конструкции<br>Психолошка подготовка<br>- Упатување на вработените за карактерот на земјотресите и што треба да направат во моментот на нивното настанување<br>Материјални средства<br>- обезбедување неопходен дел од материјално техничките средства и опрема за ефикасна реализација на мерките за заштита и спасување<br>Вежбовни активности<br>- увежбување на правилната постапка на вработените во случај на земјотрес и тоа:<br>• Правилна постапка за заштита<br>• Правилна постапка за засолнување<br>• Правилна постапка за укажување прва помош<br>• Правилна постапка при спасување<br>• Правилна постапка при евакуација на луѓето, материјалните средства, документацијата и архивата<br>• Правилна постапка при користење на средства и опрема за спасување<br>Организациони активности<br>- организација и екипирање на субјектите кои се непосредно вклучени во спроведувањето на мерките за заштита и спасување и утврдување на нивните непосредни надлежности | - Правила и реакции во моментот на земјотресот<br><br>• Ако првите потреси на тлото се брзи и остри, тоа значи дека епиобјектот е близу и дека ќе следува многу посилен удар<br>• Ако првите удари се бавни и слаби, тоа значи дека епиобјектот е далеку и имаме ограничено време за напуштање на објектот пред главниот удар<br>• Ако при првиот потрес почнат да паѓаат предмети од полиците, пукаат зидовите, паѓа малтер од таваните, прскаат прозорските стакла тоа е знак дека следува силен земјотрес | - Помош на повредените<br><br>- Спасување на лугето и средствата<br><br>- Евакуација |

## 6. Реализација на предвидените активности

| М Е Р К А | Извршител | Соработка |
|---|---|---|
| - спроведување и координирање на мерки и постапки во настанатата состојба<br>- вршење итна Процена на настаната ситуација и наредба за мобилизација на лугето и средствата<br>- прибирање податоци за настанатите оштетувања и општа Процена на бројот на повредени и загинати<br>- одлука за итно напуштање на објектот како превентива од афтер шокови (серија пропратни потреси)<br>- врз основа на информациите со кои располагаат за стабилноста на објектот посочување на можни правци на движење и извлекување на лугето и срествата од објектот и го контролираат однесувањето на лугето со својот личен авторитет<br>- го нагласува зборното место за евакуација на лугето и средствата<br>- раководи со екипите за спасување во објектот<br>- одлучуваат за евакуација (документација и архива), ако постои сомнеж дека сериозно е загрозена конструкцијата на објектот на објектотsl<br>- определува лице за комуникација со родителите и медиумите<br>- ги известуваат и бараат дополнителна помош ако е потребно од локалната самоуправа, дирекцијата за заштита и спасување идруги субјекти<br>- организираат тријажа и пренос на потешко повредените до најблиската медицинска установа<br>- организираат луге за обезбедување на објектот<br>- даваат информации на надлежните органи за состојбата на теренот (во објектот)<br>- постапуваат по добиени инструкции и наредби од надлежни органи за понатамошни активности | - управителот | - сите вработени |

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Техничко - технолошките несреќи претставуваат настани кои се случуваат како резултат на превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, невнимание при ракување, складирање, чување, и транспорт на опасни материи, превиди, грешки и дефекти во технолошкиот процес, непочитување на прописи за употреба на постројки и инсталации кои предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Планот за заштита заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи е збир од превентивни мерки и постапки на органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и служби со кои се попречуваат техничко - технолошките хаварии во индустријата, сообраќајот и другите области чии последици можат да ги загрозат животот на лужето и животната средина и природните ресурси, контролата при испуштањето на токсичните материи од индустриските постројки, моторните возила, индивидуалните ложишта во домакинствата, контрола на одложувањето на сите видови отпад во животната средина и природата.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко технолошките несреки се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓе, материјални добра и потесната и поширокатa животна средина постојат три нивоа на превземање на безбедносни превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се превземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да се обезбедат за ограничување на експлозија или ослободување на хемикалии.

Трето ниво: вклучува мерки кои се превземаат за заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последица од пожарни експлозии.

**Во обавувањето на дејноста во Објектот не се користат средства кои би можеле да предизвикаат ваков вид непогоди и несреќи, но сепак потребно е редовно одржување на електричната, водоводната и инсталацијата за загревање на објектот, со цел спречување на било какви хаварии.**

## СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Сообраќајниот систем во регионот го сочинуваат воздушниот, патниот, железничкиот и поштенскиот, а системот за врски го сочинуваат телекомуникациите и радио-дифузниот систем. Сообраќајните несреќи кои би се случиле на меѓународниот, регионалните и локалните патни правци немаат влијание врз луѓето, објектот и материјалните средства во Објектот. Сепак присуството на сите видови патна инфраструктура, придонесува за зголемена опасност при користење на сообраќајни

средства, односно теоретски е можна опасност од сообраќајни незгоди при транспорт на вработените и доставата на стока.

## 2. План за употреба на силите за заштита и спасување

Објектот има доволно човечки ресурси за формирање и употреба на сили за заштита и спасување во јачина на екипи од 4-5 члена, со оглед на малиот број вработени лица - 26.

## 3. План за врски

**В о в е д**

**Систем за врски кој го користат оперативните сили при вршење на редовните задачи**

Комуникациската мрежа, сообракајот и врските на подрачјето на регионот даваат белег на едно современо подрачје.

Најзастапен и единствен е патниот сообракај (воздушен и воден нема), кој се одвива по магистрален, регионални и локални патишта. На подрачјето на регионот постои и железнички сообракај. Транспортот на патници и стока го вршат повеке приватни претпријатија.

Телекомуникациската мрежа е на задоволително ниво.

Во поново време (2011 год.) во функција е најсовремен IMS систем кој обезбедува интегрирани телефонски услуги- телефон, интернет и IP - телевизија за подрачјето и пошироко.

- Мобилни оператори: АД „ТЕЛЕКОМ “, АД „А1“и АД „ВИП“.

Исто така на подрачјето е застапен и интернет услугата преку кабловски оператори.

Пошта - услугите ги врши ЈП “Македонска пошта”.

Населението на подрачјето е доста информирано преку медиумите - националната телевизија и радија, како и приватните.

**Алтернативен систем за врски**

Покрај фиксната и мобилната телефонија како средство за врска можат да се користат и радио врските на општинската УКБ радио мрежа во сопственост на ПОРКОА-РЦУК Струмица и Валандово, републичката радио врска на ЦУК, тетра системот на МВР, радиоврските на приватните такси компании, со што покриеноста на просторот е релативно добра.

**Со оглед на фактот што при при непогоди и несреќи може да дојде до оштетување и прекин на сите овие средства и начини на комуникација, преносот на информации ќе се врши и по пат на курири.**

## 4. Посебни документи

**Преглед на телефонските броеви на ТД, јавни претпријатија, установи и служби од значење за заштитата и спасувањето**

| Ред бр | Име на органот, функција | Лице за контакт | Телефон |
|---|---|---|---|
| 1 | Општина Конче | | |
| 2 | Градоначалник | | |
| 3 | ТППЕ | | |
| 4 | МВР | | |
| 5 | | | |
| 6 | | | |
| 7 | | | |
| 8 | | | |
| 9 | | | |
| 10 | | | |

**Список на вработените во објектот**

| Ред. бр. | Презиме и име | Адреса на живеење | Телефонски број |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |
| 11. | | | |
| 12. | | | |
| 13. | | | |
| 14. | | | |
| 15. | | | |

**Ажурирање на планот**

Поради променливоста на податоците овој план (особено од аспект на динамиката на промените во персоналната структура) задолжително се ажурира најмалку еднаш годишно.

Одговорно лице за извршување на подготовките и реализацијата на овој план и негово ажурирање е самостоен рефрент Дончо Тушев

Контрола и надзор

За контрола и надзор над извршувањето на Планот за заштита и спасување се задолжува лицето Дончо Тушев, по службена должност поставено на работно место Управител на објектот.

Градоначалник

_____________________________

/ потпис /